Врз основа на член 24 став 1 точка 1 алинеја 17 и член 42 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18), како и член 31 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија постапувајќи по барањето за издавање на лиценца за производство на електрична енергија, УП1 бр. 12-110/18 од 21.09.2018 година на Друштвото за производство, трговија и услуги МХЕ ПАДАЛИШКА ДОО Скопје, на седницата одржана на 29.10.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги МХЕ ПАДАЛИШКА ДОО Скопје, се издава привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од мала хидроцентрала МХЕЦ “Падалишка Река” со реф. бр 14.

2. Привремената лиценца за производство на електрична енергија е Прилог 1 на оваа Одлука.

3. Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија согласно член 44 од Законот за енергетика и член 32 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, ќе донесе одлука за издавање на лиценца, откако инвеститорот од ставот 1 на овој член ќе достави потребна документација со кој овој енергетски објект ќе биде ставен во употреба.

4. Оваа Одлука е конечна во управната постапка.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за производство, трговија и услуги МХЕ ПАДАЛИШКА ДОО Скопје, со седиште на булевар Свети Климент Охридски бр. 30 Скопје, до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија поднесе Барање УП1 бр. 12-110/18 од 21.09.2018 година за издавање на привремена лиценца за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија од МХЕЦ “Падалишка Река” со реф. бр 14.

Имајќи ги во предвид преодните одредби од Законот за енергетика со кои се утврдува дека до донесувањето на нов правилник за лиценци ќе се применува постоечкиот, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија спроведе постапката за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија согласно одредбите од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (во понатамошниот текст: Правилник) за издавање на лиценца на инвеститор кој не поседува документ за ставање во употреба на енергетскиот објект.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија утврди дека Барањето и доставената документација немаат формални недостатоци, согласно одредбите од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (во понатамошниот текст: Правилник), кои предвидуваат издавање на лиценца на инвеститор кој не поседува документ за ставање во употреба на енергетскиот објект.

Согласно член 20 став 1 од Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија донесе Заклучок УП1 бр.12-110/18 од 02.10.2018 година, со кој се задолжи Барателот да ја продолжи постапката и да постапи согласно член 20, 21, 22 и 23 од Правилникот.

Барателот постапувајќи по Заклучокот, изготви известување за Барањето и по одобрувањето од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија го објави во два дневни весници. Во предвидениот рок од објавувањето на известувањето не беа доставени мислења и предлози од заинтересираните физички и правни лица.

Согласно член 34 од Законот за енергетика, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија, одржа подготвителна седница на ден 24.10.2018 година.

Врз основа на член 24 став 1 точка 1 алинеја 17 и член 33 од Законот за енергетика и член 28 од Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија, на ден 29.10.2018 година, одржа редовна седница на која што донесе Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од мала хидроцентрала МХЕЦ “Падалишка Река” со реф. бр 14, на Друштвото за производство, трговија и услуги МХЕ ПАДАЛИШКА ДОО Скопје.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-110/18**
**29.10.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Марко Бислимоски**

**Прилог 1**

**ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. **Назив и седиште на носителот на привремената лиценца**
   Друштво за производство, трговија и услуги МХЕ ПАДАЛИШКА ДОО Скопје, со седиште на булевар Свети Климент Охридски бр. 30 Скопје

2. **Енергетската дејност за која се издава привремена лиценца**
   Производство на електрична енергија

3. **Евидентен број на привремената лиценца** ЕЕ - 339.01.1/18

4. **Единствен матичен број** 6974023

5. **Единствен даночен број** 4080014546020

6. **Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
   Како енергетска дејност производство на електрична енергија, се смета производство на електрична енергија што носителот ќе го врши од обновлив извор, МХЕЦ "Падалишка Река" со реф. бр 14 во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.
   Техничките карактеристики на производниот капацитет се наведени во **Прилог 2** кој е составен дел од оваа привремена лиценца.

7. **Локација на вршење на енергетската дејност**
   Носителот на привремената лиценца, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши во МХЕЦ "Падалишка Река" со реф. бр 14 со локација согласно издадено одобрение за градење.

8. **Право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија**
   Носителот на привремената лиценцата има право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија заради исполнување на условите за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со Законот за енергетика, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

9. **Права, обврски и одговорности на носителот на привремена лиценца**
   Правата, обврските и одговорностите на носителот на привремената лиценцата во врска со вршењето на енергетската дејност, неговото учество на пазарот на електрична енергија, начинот и постапката за доставување на извештаи за финансиското работење и начинот на извршување на дејноста, како и начинот и постапката за доставување на извештаи, информации и други податоци потребни за следење на функционирањето на пазарот на електрична енергија ќе бидат уредени со лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.

***ПРИЛОГ 2. Податоци за мала хидроелектрана приклучена на дистрибутивна мрежа:***

1. име на мала хидроелектрична централа – МХЕ Падалишка река со реф. бр. 14;
2. општи податоци:
   - година на почеток на градба - 2017 година,
   - година на завршеток на градба - 2019 година,
   - година на почеток на работа - 2019 година,
   - проценет животен век на хидроелектрична централа - 40 години.
3. податоци за турбина:
   - тип, производител и номинални податоци – Хоризонтална Пелтон,
   - Номинални податоци:
     - Моќност: 497 kW,
     - Номинален проток: 0,35 $m^3/s$,
     - Номинален нето пад: 152,66m,
     - Номинална брзина: $750^{-1}$
4. Податоци за генератор:
   - тип, производител и номинални податоци – Синхрон, Марели Мотори Италија со хоризонтално вратило;
   - Номинални податоци:
     - Привидна моќност: 600 kVA,
     - Моќност активна: 480 kW,
     - Фреквенција: 50hz
     - Номинален напон: 10/0,4 kV,
     - Номинална брзина: $750^{-1}$
     - Номинален фактор на моќност: 0, 8

5. Податоци за трансформатор – Тесар Италија:
   - Номинални податоци:
     - Моќност привидна: 630 kVA,
     - Номинален напон: 10/0,4 kV/kV